




## СОДРЖИНА

### ПОЕЗИЈА

Раде Силјан 7
Децата на надежта, Децата без детство, Деца од стара мајка, Децата без идеали, Децата од болно племе, Децата во зло време, Децата на минатото време, Децата од нашето време, Децата на идното време, Сликата за детството, Ако ѝе заборават децата
Даниела Андоновска-Трајковска 11
Електронски квадриплегичари, Чипувана демократија, Трофејни глави, Еутаназија, Наелектризирани желби, Електронска спирала, Електронска љубов, Лица без лица, Издишани емотикони, Музика, Човечињата од хартија и бог
Стефан Марковски 15
Митопоезија за дигиталните богови, Дозволено воскресение, Хроника на подвоениот, Опсада
Панде Манојлов 18
Книгите, Улица, Скитник, Покрив, Измама, Никој не слуша
Славица Гацова Свидерска 22
Внатрешни градови, Минато, По музеите се изложуваат страдања, Елка
Весна Мундишевска-Велјановска 24
ретроСПЕКТИВА, Лет, СрАМ
Љубинка Донева 26
Зборка, Плимата на пелинот, Празник, Сила, Сезона на солзите, Надежна, Немоќ, А...
Петар Наневски 30
Иманка и глагол, Болна вистина, Твоето време, Думан зумбул севедиен, Скица, Болот на зумбулот, Зумбулболија, Глас одек еко, Тембр
Михајло Свидерски 34
Стар век (Роб, Хипократ, Архимед), Среден век (Константинопол), Нов век (Viva España, Век XVII, Век XIX, Век XX), Најнов век (Глобала)
Снежана Стојчевска 38
Сознание, Остатоци, Најубава убавино, Вејка на ветрот, Само дувни ме, Без грешка, Совршена стварност
Катерина Гогова 40
Суштества, Сонце, Песочен часовник, Болничкиот ѕид е натопен во неизговорени тајни пораки, молитви и псалми, Потпис, Лице, Љубов
Кире Неделковски 43
Си имам... илузии..., Патарината е платена... продолжи..., Приватен паркинг за поезија, Денес сум чиста река, Загледан во Вардар
Петко Шипинкаровски 46
Велестовски ноќи, Молитва, Кафе, Семејна јаворина
Силвана Нешковска 49
Бркотница, Небо, По патот на светот
Марија Младеновска Димитровска 51
Одблесок од искон, Камбаните на душата, Вечна смрт, Крикот на душата, Маскирана голотија, Патник
Иџе Беличев 54
Интерпункција на тишината, Ќе те наречам песна, Мозаик од соништа, Разголена ноќ, Зашиено грло





### ПРОЗА

Владимир Костов 59
Крик
Петре Димовски 61
Верижен потрес
Лилјана Пандева 64
Импресум
Гордана Стојаноска 66
Русите коси во снегот
Фросина Пармаковска 70
Одбројување
Никола Илијовски 72
Времето и господинот Г.
Мирјана Стојановска 74
Утро во Франкфурт, Босанско кафе, Спомените за Гете, Мајка, Еврејската сага, Зад аголот, Царската палата, Архитектурата на плоштадот
Никола Кочовски 76
Вистини кои знаат да бидат две
Златко Жоглев-Олгин 80
Билет за рајот
Ана Витанова Рингачева 82
Црвица
Елизабета Јончиќ 84
Нив сме само луѓе
Биљана Т. Димко 86
Симон Рагин

### ДРАМА

Зоран Пејковски 91
Мали детски разговори (Слика 3)
Борче Панов 94
Поделен од сопствениот нос (Трета слика, Четврта слика)

### ПРИКАЗИ, ОСВРТИ, КНИЖЕВНИ КРИТИКИ, РЕЦЕНЗИИ...

Сузана Мицева 99
Пејзажната лирика во прозата на Видое Подгорец
Христо Петрески, Ана Петреска 102
Траен критичко-есеистички придонес
Александра Стојковска 106
Автобиографија или роман? – романескни елементи во „Автобиографијата" на Прличев
Васил Тоциновски 111
Ослободи го зборот од самиот збор
Димитар Пандев 114
Охридскиот поглед на свет во „Стрмец во хаику скротен" на Пере Ристески
Милица Димитријовска-Радевска 116
„Во кожурецот на векот" од Весна Мундишевска-Велјановска или поезија со намек на патина и галопирачка ерудиција

Вера Стојчевска Антиќ 118
Дијалози за тишината
Симона Петровска 121
Посвета на поезијата – модернистичката поетика на контрастите во „Поштомувањe" од Биљана Т. Димко
Јованка Денкова 124
Здрави стихови за растење на децата
Борис Апостолов 127
Младост на една песна
Сашо Огненовски 129
Младоста на лингвистот
Ивана Хаџиевска 131
Бувзуел на Ивкова слава: Проблемот на напуштањето и заробеноста во просторот во регионалниот идеолошки дискурс

## АКЦЕНТИ

Радован П. Цветковски – добитник на наградата на Друштвото на писателите на Македонија „Книжевен жезол 2019" 137

## ПРЕВОДИ / ПРЕПЕВИ

Зора Русомарова 143
Стоицизмот на Алфред де Вињи во поемата „Смртта на волкот"

## ПАРАЛЕЛИ

Звонко Танески 151
Песната на обичниот поет, Во новиот театар
Мирослав Бјелик 153
Тешка глава, Главата од докторот Т, Нашите глави, Утро во голотија
Тземин Итион Тсаи 155
Пејзажот на малиот град; Во мојот сон, виножитото никогаш не спие
Том Филипс 157
Со уметност на аголот на улицата, Шопинг
Станислав Чандинович Ли 159
Светлината на дланка
Питер Робинсон 161
Враќање во Сендаи, Иако пролетта е овде
Тендаи Ринос Мваника 163
Дневник напишан од скитник, Без наслов, Тишина, Убавината е постоење
Дато Барбакадзе 165
Заборавените, Скица на природата, Молитва
Искра Пенева 167
Бидање на времето, Трансформација, Поле на животот, Градски треперења
Леонтин Чапо Милениќ 169
Гревовите на алчниот отец
Биљана Миловановиќ Живак 172
Срасцнување и расцнување, Причина трета – Оние кои раѓаат само песни





Хала Сендо 174
Тивки бои, Светот и јас, Руина, Гоби, Ноќта на степата
Надија Ребронја 176
битрис, поетесата од хипи-кланот на перофлаути; надија, мароканката од која ги купив кастанетите; асто, на јазикот кечуа; оскар, слушајќи го енотo; ирис и ана, насмеани; анхел, додека чекори
Клаус Анкерсен 178
Песната на тигарот, Сиромавите
Жарко Милениќ 180
Осиек
Саназ Давудзаде Фар 182
*** (3, 5, 6, 10, 24, 26, 35, 39, 59)
Салим Бабуллаоглу 184
Кажете ми ја малопродажната цена на еден човечки живот, Сон
Новица Соврлиќ 185
Клуч, Гладно небо, Бразда
Сирел Хеинлоо 187
Жената која трчаше со волци
Јури Талвет 189
Каде престојува меморијата, Возови
Су Цен Лин 190
Реката Урал, Колку посебно!
Дебора Хејслер 191
Како мострата на ноќта пресече парче од сопствената ткаенина
Екатерина Григорова 192
Мобилизација на аглите; Авионски режим; на Петра; нормалност; Векот на пловењето
Мојца Андреј 194
Остаток од изумрени ѕвезди, Ноќ над градот
Славица Пејовиќ 196
И грутка да си, Тоа камче
Бенгт Берг 198
Нова година
Никола Шимиќ Тонин 199
Петра
Татјана Вујовиќ Костиќ 201
***, Сретение на времето
Петер Андреј 203
Светлината на август, Волшебник во сивиот шешир
Ерол Туфан 205
Огист Роден, Едвард Штајхен

Јованка Денкова
Филолошки факултет
Универзитет „Гоце Делчев“

# ЗДРАВИ СТИХОВИ ЗА РАСТЕЊЕ НА ДЕЦАТА

Младиот македонски автор – Филип Димкоски е автор на четири збирки поезија „Најхранливи зборови од детска душа дарови“ (2010) и „Божилак на исконот“ (2014) која во 2016 година доби свое српско и свое бугарско издание. И двете изданија посебно беа претставени во Србија и во Бугарија. Третата стихозбирка носи наслов „Во градината има само љубов“ (2018), а четвртата, последната е стихозбирката поезија за деца „Заедно да растеме“ (2018). Дел од творештвото на Филип досега е преведено/препеано на: српски, бугарски, словенечки, босански, хрватски, англиски, грчки и хебрејски јазик. Филип Димкоски е добитник на повеќе домашни и меѓународни награди.

„Заедно да растеме“ е четврта книга на Филип Димкоски, а излезе во издание на „Академски печат“ од Скопје. Во неа има триесет и осум песни и четиринаесет илустрации, специјално рачно насликани за книгата од академската сликарка Александра Ацеска. Рецензент е Љиљана Атанасова, а автор на предговорот е писателот Горјан Петревски кој во поговорот кон книгата вели: „Добре дојде, добра книго, во светот каде што ти е местото, кај читателите, најмладите. За оваа интересно конципирана поетска книга за млади, веќе се имаат искажано истакнати имиња, длабоко почитувани од пошироката читателска јавност.

Од структуролошка и идејна гледна точка, стихозбирката е поделена во две целини.

Првата целина носи наслов „Јас, семејството и другарчињата“, а втората целина, е насловена како „Запознај ме, засакај ме и јади ме“. Од насловот е евидентно дека во овој дел има три потцелини. Така е и од идејно-мотивски аспект, меѓутоа, тие целини не се разграничени, туку егзистираат сите три паралелно. Овде и детето, и другарчињата и возрасните постојат едни крај други, творат, учат едни од други. Да, така е. Како што децата учат од возрасните, така и возрасните можат да научат многу корисни работи од децата. Таква е уште првата песна во збирката, насловена како „Песни за деца нема“ и овде низ пет убаво срочени строфи се апострофира улогата и значењето на песната за деца, се разбира од гледна точка на детето. Таквата песна постои за сите, и за возрасните и за децата, во песните за деца сета мудрост е збрана и затоа поетот просто извикува: „Од нив и возрасните учат, а за децата тие се храна!“ (9)[1]. Одамна е кажано дека книжевноста за деца е како извор на кој, ние возрасните со задоволство му се навраќаме, зашто во таа оаза на детството сѐ е можно, сите детски желби и соништа се остварливи.

[1] Филип Димкоски, Заедно да растеме, Академски печат, Скопје, 2018.

Таму, на зелените падини на поезијата за деца, исполнети со древна мудрост и вистина, и возрасните се потсетуваат на она што го имаат подзаборавено, на многу пораки, вистини и мудрости. Затоа детето-поет, преку оваа поетска збирка им порачува на возрасните дека треба да пораснат („Треба да пораснат“), но не во висина и тежина, туку да се искачат на ниво на детето застанато на ѕвездоредот, и само тогаш децата ќе ги разберат: „И, родители, немојте да слегувате,/ да се мачите/ на нивото на детето,/ не треба да с симнете,/ туку да се искачите.“ (11). Токму затоа, понекогаш постои оној непремостлив јас меѓу децата и возрасните, особено кога возрасните несвесно ќе ги затворат своите уши за убавината која околу себе ја создаваат децата, како што е тоа во песната „Големиот мал музичар“. Дарот кој му го дала природата на малиот музичар сепак ќе го пробие патот кон човековото разбирање, зашто за некои возрасни неговото „свирење е лек за душа“, и таквиот поттик е доволен за да се раскрили детската душа, да го покрие светот со убавината на музиката, па да ги омекне срцата и на сите соседи во зградата на кои претходно им пречи музиката: „По неколку години/ стана славен виолинист,/ одржа концерт во својот град,/големиот музичар,/ ем убав, ем млад/. На концертот дојдоа/ сите соседи од зградата,/ наполнија редови пет, а мајка му и добрата сосетка/ седеа во првиот ред“ (22). Од оваа песна се гледа колку е голема моќта на добриот збор, колку добриот збор знае да нѐ понесе кон уште поголеми успеси и височини. Моќта на добрите и лошите зборови мошне јасно е засведочена во две песни: „Кога зборовите зборуваат“ и „Добри и лоши зборови“, во кои поетот-автор потенцира: „Јас сум само за слога/ не сакам никого да нервирам/ и душата да му ја гризам./ Само радост насекаде ширам, / болните ги лекувам,/скараните ги мирам/“ („Кога зборовите зборуваат“, 14); „А добриот збор /не е лут, /во срцата ни носи добрина,/ а не студ“ („Добри и лоши зборови“, 17).

Поетот не ги заборава ни членовите од најблиското семејство, како што е ликот на таткото, мајката и бабата, како централни фигури во животот на детето. Таквиот татко „се труди мечтата кај децата свои постојано да ја буди“, па ќе исценира цела театарска претстава за наводното доаѓање на Дедо Мраз, а како доказ на децата им ги остава нагрицканите колачи, недопиеното млеко и оставените подароци. Заслужува почит постапката на таткото во ова време, кога презафатеноста на возрасните, на родителите си го зема својот данок, и тоа врз младите генерации. Затоа, поетот скоро екстатично извикува и ја изразува својата радост и восхит кон таквите родители кои прават сѐ што е во нивна моќ да ги натераат децата да веруваат во чуда: „Ееее...тогаш да видите што е среќа./ И јас сум среќен/ што постојат татковци,/ кои своите деца си ги учат/ во чуда да веруваат - / за чуда да им се случат!/ („Тато-Дедо Мраз“, 25).

А, децата веруваат во чуда, децата сакаат да веруваат во чуда. За нив, сиот живот и сѐ што ги опкружува е чудо. Децата воопшто не ги зачудува фактот дека и дрвцето на кое детето му ги крши гранчињата, може да прошепоти и да изрази болка: „Слушни го дрвцето,/ како ти шепнува,/ како за нешто те моли,/ за нешто те сепнува,/ дека нешто го боли. („Дрвото ми шепоти“, 30). Децата не се чудат ако тенката бреза и дабот се засакаат. Детето е битие кое силно ја чувствува природата како блиска на себе, па добива порив и да го прегрне дрвото: „Снешка на дрвцата имиња им даде/ и девојчето сето во радост блика:/брезата витка нека биде Милица,/ а дабот вишен – Јанко да се вика.“ („Милица и

Јанко“, 31); „На фотографијата Срна/ вишната ја гушнува,/ пријателски се прегрнуваат/ и Филип го поздравуваат“ („Прегратка“, 35).

Ни животинскиот свет не останал оддалечен од поетовото интересирање. Животните за децата се дел од нивниот свет. Животните како и растенијата, се живи суштества со кои детето може да си разговара, животните го разбираат говорот на детето и детето го разбира говорот на животните. Од тука, воопшто не нѐ зачудува фактот што мравката, мачето, цветот, дрвото, - сите тие по телефон го бараат детето, упатувајќи му молба за спас, спас од негрижата на луѓето од која страдаат: „Ми се јави мравката,/ ми се моли ко на Бога,/ да ја носам в болница,/ ја нагазиле,/ ѝ скршиле нога“ („Глас за спас“, 42). Од тие причини детето кон сите нас упатува гласен повик да се грижиме за природата, да садиме дрвја и цвеќиња, да се грижиме за животните и сиот жив свет: „Па, луѓе, ве молам,/ не можам насекаде да стигнам,/ само со телефонот в раце/ ми врват дните/ и гласно ве повикувам:/ -За природата, еј, / грижете се сите!“ („Глас за спас“, 43).

Последната песна од првиот дел од оваа стихозбирка е насловена како „Малиот градинар“ и во неа е покажан активистичкиот однос на детето кон создавањето, кон одгледувањето зеленчук „за да го допре срцето на цветот“ (45). Оваа песна е еден вовед во вториот дел од стихозбирката, насловен како „Запознај ме, засакај ме и јади ме“. Овде поетот го имал во предвид односот на детето кон храната (особено, некои видови зеленчуци и овошје) како нешто што постојано се одбива, а што родителите им го наметнуваат на децата како здрава храна: „- Спанаќ, ах, само спанаќ!/ -брат ми Иле протестира/ -само спанаќ ли се јаде?/ Спанаќ на менито го нервира./ („Спанаќ“, 63).

И овде поетот Димковски ја пројавува својата умешност при создавањето на еден поетски израз во кој со длабока едноставност, на ненаметлив начин, понекогаш давајќи податоци за изгледот, но и за потеклото или името на зеленчокот и овошјето, не ја заборава и нивната висока нутритивна вредност: „Старите Римјани, во дамно време,/ велат, од ништо не боледувале,/ оти во земјата плодна броколи одгледувале,/ и во нивната исхрана ги внесувале.“ („Брокола“, 68). Така, поетот ги слика овошјето и зеленчукот со својата поетска четкичка како на сликарско платно со исклучителна колоритност, зашто поетот знае дека детскиот свет е исполнет, поточно насликан со најубавите и најсилни бои што можат да се замислат: „Не само во Кина/ туку и во нашитениви/ веќе се одгледуваат/ сочни и зелени киви“/ („Киви“, 50); „Малината има/ плодови вкусни,/ сочни и црвени/ како детски усни“ („Малина“, 52).

Вистинскиот поет на децата им дарува љубов. Да се пее за децата е возвишено и убаво. Возвишени се идеите (љубовта на родителите кон децата, грижливоста на бабите и дедовците, несебичноста и разбирањето на возрасните), а убавото потекнува од поетовата досетливост и талент и малите битија и малите работи да ги направи големи. Зашто идеите сами по себе се големи. Според старата индиска филозофија, поетите се деца на боговите, затоа што имаат магична моќ. Нивната сила е во зборовите. И како што некогаш поетите ја уживале љубовта на боговите и биле во нивна милост, така и поетот Димковски ја излева својата љубов кон децата и детството – идното човештво... Најилустративно тоа го покажуваат следниве стихови од песната „Песни за деца нема“: „Песната е вистинска ако детето/ го бодри и милува,/ му дава сила и го раскрилува,/ му

носи ведрина и ука,/ не дозволува лоши нешта/ во срцето да му се пластат,/ со искрена песна полна љубов,/ децата побрзо растат!“ (10). Тоа се гледа во секоја песна од оваа збирка, во секој стих, во секој збор. А тоа е одлика само на надарени и големи писатели и поети за деца